**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Дирекција за безбедност на
класифицирани информации
Бр. 04-14/6
10.01. 2022 година

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници, („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 275/19 и 14/20), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр.11/15), како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр.35/18) директорот на Дирекцијата, ја донесе следната

# ОДЛУКА

**за избор за унапредување административен службеник во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации**

1. Сара Трпковска, помлад референт за општи и нормативно правни работи, во Одделението за општи и нормативно - правни работи, во Секторот за општи и правни работисе унапредува во самостоен референт за персонална евиденција, во Одделението за управување и развој на човечки ресурси.
2. Одлуката за унапредување административен службеник да се достави до кандидатите за унапредување и на веб-страницата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.
3. Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум (8) дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

## *Образложение*

Со Интерен оглас за унапредување административен службеник бр. 04-1092/1 од 22.12.2021 година (односно бр.02/21) беше огласена потребата од унапредување 1 (еден) административен службеник за работно место УПР0101Г01000 самостоен референт за персонална евиденција, во Одделението за управување и рзвој на човечки ресурси, од редот на вработените во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, при што за извршување на работите од точка 1, се спроведе постапка согласно членовите 48, 49, 50 и 51 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и

„Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 275/19 и 14/20), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр.11/15), како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр.35/18).

На горенаведениот Интерен оглас се пријави само еден кандидат, и тоа Сара Трпковска, која по спроведувањето на интервјуто од страна на Директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, е избрана за унапредување од помлад референт во самостоен референт за персонална евиденција, во Одделението за управување и развој на човечки ресурси.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Директор
Стојан Славески

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот
- Архива на ДБКИ